# ПРОГРАМА

## ЗА АКТИВНОСТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ПРОТИВ ПОЖАРНА ЗАШТИТА И СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2019

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 34 и 123 став 4 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за активностите во областа на заштита и спасување, противпожарна заштита и справување со кризи на територија на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКИ

Со оваа Програма се остваруваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, против пожарната заштита и справувањето со кризи, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби Општина Сопиште овие активности ќе ги остваруваат преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Просторните сили за заштита и спасување
- Во соработка со РЦУК Кисела Вода, Дирекција за заштита и спасување и Противпожарна заштита

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на Програмата за активностите на општина Сопиште во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи се :

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори , поплави и др.
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни и други несреќи
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожарот и други видови на непогоди
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита

## 3. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката за реализација на целите во оваа Програма ќе се одвива на следниов начин:

- Да се изработи Процена на загрозеност од природни непогоди и дрги несреќи (моментално е во изработка со ЦУК)
- Да се изработи План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (моментално е во изработка со ЦУК)
- Активностите ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасување како и заштита и спасување во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир
- Општина Сопиште нема организирана постојана противпожарна служба која ќе делува на својата територија и секогаш е покриена со Противпожарна заштита на Град Скопје
- Подигнување на свеста на населението преку постојана едукација за нивната улога во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи се
- Постојана соработка со ЦУК и ДЗС

## 4. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Програмата за активностите на општина Сопиште во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи се предвидуваат 100.000,оо денари.

## 5. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган – одделението за комунални работи.

За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Сопиште. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

____________________

Јане Мицевски